Како дел од проектот **EWI – Economic Inclusion and Justice for Women of the Western Balkans** (Економско вклучување и правда за жените од Западен Балкан), финансиран од **Австриската агенција за развој – (ADA)**, со средства од **Австриската развојна соработка (ADC)**,

организацијата **CARE Balkans** објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
## ДО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ (ГО) АКТИВНИ ВО ОБЛАСТА НА ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Краен рок за поднесување на апликации: **17 април 2025 година, до 23:59 часот**

### ЗА ПРОЕКТОТ

CARE Balkans (CARE), во соработка со партнерски организации од регионот: ENECA (Република Србија), LINK (Босна и Херцеговина), Консалтинг за стратешки развој (Северна Македонија) и Tehnopolis (Црна Гора), го спроведува проектот **Економско вклучување и правда за жените од Западен Балкан (EWI*)***, финансиран од Австриската агенција за развој (ADA). Овој тригодишен проект, кој во моментов е во почетна фаза, има за цел да ги зајакне жените од регионот на Западен Балкан и да ги промовира нивните економски права.

Проектот има за цел да ги постигне следните резултати:

- Жените претприемачки во избраните целни региони развиваат и унапредуваат одржливи бизниси преку финансиска и техничка поддршка,
- Зголемена вработливост на жените во целните региони преку развој на вештини, сертифицирано стручно образование и обуки.,

- Подобрена средина за економско вклучување на жените во заедницата и општеството,
- Зајакнати капацитети на институционалните чинители за интеграција на родово-сензитивни пристапи во програмите за вработување и претприемништво.

## ПРЕДМЕТ НА СОРАБОТКАТА

Со цел поврзување со локалните заедници и пристап до најранливите жени, проектот ќе воспостави соработка со искусни граѓански организации (ГО) управувани од жени и/или граѓански организации кои активно работат на зајакнување на жените во Северна Македонија. Избраните организации ќе добијат обука за унапредување на капацитетите и финансиска поддршка за активно учество во проектните активности насочени кон жените.

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД ИЗБРАНИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ?

1. **Застапување и ангажман поврзан со економско активирање на жените во заедниците во коишто делуваат**.
2. **Спроведување на теренски активности** (организирање работилници за жени и мажи во маргинализирани и посиромашни заедници, мобилизирање на учесници, следење на напредокот на жените вклучени во различни проектни активности и сл).
3. **Поврзување на клучните чинители и корисници:**
    - Посредување меѓу учесниците во проектот и локалните институции, вклучувајќи ги Агенцијата и центрите за вработување, како и центрите за социјална работа.
    - Поддршка за интеграција на родово-сензитивните пристапи во програмите за вработување и претприемништво.
4. **Поддршка на жените претприемачки и жените кои бараат работа** (советодавна поддршка, вмрежување, учество во обуки).
5. **Подигнување на свеста и трансформирање на општествените норми** (учество во активности за сензибилизација на заедницата и промотивни/информативни кампањи).

6. **Навремено известување за спроведените активности** (соработка и поврзување со локалните медиуми, активно користење на социјалните мрежи и веб-страници).

---

## КОИ СЕ ПРИДОБИВКИТЕ ОД УЧЕСТВОТО ВО ПРОЕКТОТ ЗА ИЗБРАНИТЕ ГО?

1. **Финансиска поддршка во износ од 10.000 евра** **<u>по организација</u>**, за вкупно **2 ГО**.
2. **Обуки и унапредување на капацитети:**

   **I.** Четиридневна обука за клучни теми како што се: пристап/поврзување со заедницата, застапување, јавно говорење, меки вештини, лидерство и организациско административно-финансиско управување.
   **II.** Дводневна онлајн обука за прибирање средства (fundraising), вклучувајќи обука за пишување на проектни апликации и користење на платформи за краудфандинг (crowdfunding).
   **III.** Онлајн консултации со експерти од CARE за развој на проектни идеи и стратегии за финансирање.

3. **Зголемена видливост и вмрежување**

   **I.** Поголема препознатливост преку комуникациски активности на проектот на локално и регионално ниво.
   **II.** Соработка со локалните власти, носителите на одлуки и други граѓански организации преку заеднички активности и иницијативи за застапување.
   **III.** Размена на искуства со други организации во регионот (БиХ, Србија, Црна Гора и Северна Македонија).

4. **Практична примена на стекнатото знаење**

   **I.** Директна примена на стекнатото знаење од обуката преку работа со маргинализирани жени и локалните заедници со цел подобрување на нивните меки вештини.
   **II.** Можност за учество во креирање на стратегии за застапување и интегрирање родово-сензитивни политики во економските програми на локалните заедници.

## 5. Поддршка за долгорочна одржливост

Одбраните граѓански организации ќе добијат обука и менторска поддршка за развивање на свои конкретни проектни идеи и ќе се стекнат со знаења и вештини за самостојно аплицирање на повици за доделување средства и грантови и по завршувањето на проектот. Дополнително, тие ќе ги зајакнат своите капацитети за прибирање средства што ќе им овозможи да обезбедат дополнителни финансиски средства и да ги продолжат своите активности и по завршувањето на проектот.

---

## ОЧЕКУВАНИ ЗАДАЧИ ОД ИЗБРАНИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

| **Активност** | **Опис** | **Период на спроведување** |
|---|---|---|
| 1. Обука за унапредување на капацитетите (2 претставници по ГО) | Избраните организации ќе учествуваат во четиридневна обука (застапување и прибирање на средства, родова еднаквост, економска правда за жените, јавно говорење, градење на технички вештини, лидерство...). | Почеток на јуни 2025 |
| 2. Развој на план на активности и детален буџет за учество во EWI проектот | ГО во координација со CARE Balkans и партнерската организација ќе креира детален план и буџет за проектните активности, врз чија основа по одобрување на CARE Balkans, ГО ќе ги добие проектните средства. | До средина на јули 2025 |

| **Активност** | **Опис** | **Период на спроведување** |
|---|---|---|
| 3. Информативна кампања за да се најави грантова поддршка за основање и развој на женски бизниси (целта е да се мобилизираат 70 потенцијални корисници) | ГО ќе помагаат во спроведувањето на информативната кампања за да се стигне до што повеќе жени, вклучително маргинализирани и ранливи групи. Тие ќе организираат инфо сесии и ќе споделуваат постови на социјалните медиуми и веб страниците. | Крај на август-средина на септември 2025 |
| 4. Информативна кампања за достапните обуки за унапредување на стручните вештини и компетенции на жените (цел: најмалку 35 жени кои ќе учествуваат во обуките) | Организација на состаноци во локалните заедници и мобилизација на потенцијални учесници. Промоција преку веб страници и социјални медиуми. | јануари-јуни 2026 |
| 5. Подигнување на свеста и обуки за меки вештини/дигитална писменост за маргинализирани жени (цел: мобилизација на 350 жени преку 18 сесии) | Оваа активност ќе им овозможи на маргинализираните жени да се стекнат со основни вештини и самодоверба за зајакнување на својата социо-економска вклученост во дигиталната ера. ГО ќе организираат обуки користејќи го знаењето кое го стекнале преку проектот со што на жените од локалните заедници ќе им пренесат информации за правата на жените (право на работа, | јули 2025 – крај на проектот |

Austrian Development Agency

care

| Активност | Опис | Период на спроведување |
|---|---|---|
| | имотни права, достапни услуги за вработување/бизнис).<br>Во нив може да се вклучат **до 10% мажи од домаќинствата на жените** за да се зголеми разбирањето во заедницата и да се создаде поддршка за економско активирање на жените. | |
| 6. Работа во маргинализираните заедници за економските права на жените (цел: околу 60 жени од маргинализирани групи) | ГО ќе организираат дијалог со жени, мажи, млади и членови на традиционалните локални заедници за да дискутираат за економските права на жените и ограничувачките родови норми. Секоја ГО треба да одржи не повеќе од пет сесии. | До крај на 2025 |
| 7. Заеднички сесии за финансиска писменост (цел: околу 60 жени од маргинализирани групи да учествуваат во максумум 5 сесии) | Организација на не повеќе од две сесии за финансиска писменост за женски и машки членови на домаќинството.<br>Мобилизација на учесници/чки.<br>Сесиите ќе ги разбиваат родовите предрасуди на теми како: буџетирање, штедење, инвестирање, кредити, планирање на семејните финансии, економски предности | До крај на 2025 |

ENECA Tehnopolis Inovaciono Preduzetnički Centar STRATEGIC DEVELOPMENT CONSULTING LINK PODUZETNIČKI CENTAR

| Активност | Опис | Период на спроведување |
|---|---|---|
| | од вработувањето на жените и женското претприемништво. | |
| 8. Информативна кампања за предизвиците во поглед на економската инклузија на жените | ГО ќе помагаат во креирањето на промотивни материјали, вклучително успешни приказни, медиумски и дигитални содржини, и ќе го поддржат проектниот тим при изработката на документарниот филм којшто ќе прикаже успешни претприемачки и други учесници/чки во проектот. | Во текот на 2027 (3-та година од спроведувањето на проектот) |
| 9. Собирање на податоци и следење на проектот | ГО ќе бидат обучени за собирање на податоци и правилна примена на на методологијата за следење и евалуација на проектот. | 2026 и 2027 година |
| 10. Регионална конференција за решенија за надминување на општествените и институционални бариери за женското претприемништво и вработување. | ГО ќе придонесуваат во организацијата на дводневната финална конференција. | јуни - ноември 2027 |

**Напомена:** Проектните средства коишто ќе им бидат доделени на ГО, првенствено ќе бидат насочени за покривање на внатрешните трошоци на организацијата за спроведување на активностите. Трошоците за логистика воглавно ќе бидат покриени од пректниот буџет на EWI.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

За да се подобни за аплицирање, граѓанските организации мора да ги исполнуваат следните критериуми:

1. Да се управувани од жени и/или програмски фокусирани на зајакнување на жените, активни во општините во Република Северна Македонија.
2. Да се регистрирани како граѓански организации најмалку 3 години, со активен статус, и да се организирани според демократски принципи и транспарентен начин на работа.
3. Основачите да се лица – државјани на Република Северна Македонија.
4. Да имаат остварено позитивен финансиски биланс (нето добивка) во периодот 2022–2024 година.
5. Да имаат докажано искуство во економско јакнење на жените и други активности за поддршка на жени.
6. Да негуваат родово-сензитивен пристап, како и пристап базиран на потребите на заедницата.
7. Да имаат претходно искуство со проекти финансирани од донатори, наративно и финансиско известување.
8. Да имаат искуство во организација и фасилитирање на работилници со жени од локалните заедници.
9. Да ја имаат довербата од локалната заедница и капацитет за мобилизација на учесници/чки, вклучително жени од маргинализирани заедници, ранливи групи и групи со потешкотии при вработувањето.
10. Да имаат оперативни контакти со локалните власти и институции и позитивна соработка со локалните носители на одлуки.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИКАЦИЈА:

- Пополнет формулар - Пријава
- Тековна состојба
- Статут на организацијата

- Завршни сметки за последните 3 години (2022, 2023, 2024).

---

## РОК И НАЧИН ЗА ДОСТАВА НА АПЛИКАЦИИ:

Сите барани документи и пополнетата форма за апликација треба да се достават на **македонски јазик**, најдоцна до **17 април, 2025 година, до 23:59 ч., електронски**, на следната е-пошта: **ceric@care.de**

Во предметот на пораката потребно е да се наведе: **Апликација за доделување на грантови – EWI**

---

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ

Распределбата на грантовите за спроведување на проектните активности ќе се реализира според распоредот на активности, дефиниран со договор. Сите грантисти ќе бидат задолжени да го потврдат прифаќањето на средствата и нивното трошење според плановите на проектот EWI, CARE, процедурите на донаторот и националните регулативи. Соработката во рамките на проектот ќе биде регулирана во договор склучен со CARE.

---

## ПРОЦЕС НА ОЦЕНКА И КОНТАКТ ЗА ИНФОРМАЦИИ

Организациите ќе бидат известени за одлуката на Комисијата за евалуација преку е-пошта. Сите прашања или барања за дополнителни појаснувања може да се испратат по е-пошта на: **ceric@care.de**

Планирана е и онлајн инфо сесија која што ќе се одржи на 7 април 2025 со почеток во 12.00 часот. Пријавувањето за учество се врши преку следниот линк: Link